# Анализа на вклучување на родовата перспектива во програмите на општина Карпош



***Скопје, септември 2025***

Издавач: Здружение за еднакви можности, поддршка и унапредување на статусот на жените и младите ЕКВАЛИТИКО

Авторка: м-р Даниела Антоновска

Скопје, септември 2025 година

Оваа анализа е изготвена како дел од институционален грант на Здружението за еднакви можности, поддршка и унапредување на статусот на жените и младите ЕКВАЛИТИКО Скопје поддржан од Глобален фонд за жени.

# Содржина

Вовед ........................................ 4

Методологија ........................................ 5

1.Меѓународни документи-основа за родова еднаквост на локално ниво ........................................ 6

2. Национална рамка за еднакви можности ........................................ 8

3. Социјална карта на општина Карпош ........................................ 10

4. Анализа на програмите на општина Карпош од родов аспект ........................................ 12

4.1. Програма за еднакви можности ........................................ 12

4.2. Програма за спорт ........................................ 15

4.3. Програма за култура ........................................ 19

4.4. Програма за детска, социјална, и здравствена заштита ........................................ 21

Општи заклучоци ........................................ 25

Користена литература: ........................................ 27

## Вовед

Еднаквите можности и родовата еднаквост претставуваат едно од темелните вредности на демократското управување и одржливиот развој. Локалната самоуправа како ниво на власт најблиско до граѓаните, може да има клучна улога во промовирањето и унапредувањето на овие вредности преку своите политики, програми и буџети. Во тој контекст, програмите на Општина Карпош треба да ја рефлектираат потребата за еднаков, инклузивен и интерсекциски пристап кој ќе ги земе предвид различните потреби, улоги, приоритети и можности на жените и мажите, девојчињата и момчињата, со цел креирање праведни и одговорни локални јавни услуги и политики.

Оваа кратка анализа има за цел да го процени степенот на вклучување на родовата перспектива во програмските документи и активности на Општина Карпош. Фокусот е ставен на тоа дали и како се адресираат прашањата за еднаквите можности и родовата еднаквост во секторите односно програмите кои се земени како предмет на анализата, а тоа се култура, спорт, детска, социјална и здравствена заштита. Покрај проценка на интеграција на родовата перспектива во овие програми, во фокус е и проценка на сензитивноста на буџетот од родова перспектива односно до кој степен буџетот е родово одговорен. Истовремено се разгледува и специфичната програма за еднакви можности која согласно националната законска регулатива е задолжителна за единиците на локална самоуправа и се даваат препораки за унапредување на истата. При тоа се разгледува и степенот на интеграција на родовиот аспект во однос на планирањето на активностите, имплементацијата, како и постоењето или непостоењето на механизми за следење и евалуација од родова перспектива. Како методолошки пристап се користи кабинетско истражување односно деск анализа на селектираните програми достапни на веб страницата на општината.

Општина Карпош се стреми кон исполнување на обврските за единиците на локална самоуправа кои ги налага Законот за еднакви можности на жените и мажите преку посебната програма за еднакви можности. Но, евидентно е само делумно интегрирање на родовата перспектива во останатите програми предмет на анализа. Затоа преку оваа кратка анализа се настојува да се идентификуваат добрите практики, но и постоечките празнини и предизвици во процесот на родова интеграција во селектираните тематски области и се даваат препораки како основа за унапредување на политиките и програмите на Општина Карпош.

Анализата е изготвена во рамки на институционален грант на Здружението за еднакви можности, поддршка и унапредување на статусот на жените и младите ЕКВАЛИТИКО Скопје поддржан од Глобален фонд за жени.

## Методологија

Методолошкиот пристап на кој се базира анализата е доминантно квалитативен методолошки пристап. При тоа се користи кабинетско истражување односно се врши детална деск анализа на три (3) селектирани програми: програма за спорт, програма за култура и програма за детска, социјална и здравствена заштита. Во фокус е и посебната програма за еднакви можности и преку анализа на истата и соодветните активности се даваат препораки кои ќе помогнат за унапредување на еднаквите можности и родовата еднаквост на локално ниво. Бројот на вкупно анализирани програми на општина Карпош изнесува четири (4) од различни области.

Анализата вклучува краток преглед и на други документи како што се извештаи кои се јавно достапни на веб страницата на општината. Покрај проценка на степенот на родова интеграција во програмите, се проценува и степенот на чувствителност и одговорност на буџетот од родова перспектива односно дали во селектираните програми е воведено и се применува родово одговорното буџетирање, а соодветно на тоа и во секторите кои се опфатени преку програмите.

Методолошкиот пристап опфаќа и краток преглед и анализа на меѓународни документи, повелби и стратегии релевантни за единиците на локалната самоуправа. Исто така опфатена е и анализа и преглед на националната законска регулатива од областа на еднаквите можности, родовата еднаквост, родовото одговорно буџетирање. При тоа важно е да се напомене дека е спроведена само анализа на селектирани програми достапни на веб страната на општината, а не е користен пристапот на испраќање на барања за пристап до информации од јавен карактер.

Во суштина главните цели на кратката анализа се: да се утврди дали се земени предвид различните потреби на мажите и жените при креирањето на локалните програми, дали во програмите се утврдени родови цели, приоритети и родови индикатори, дали се собираат родово разделени податоци за корисниците на програмите и дали се планира и спроведува родово одговорното буџетирање во селектираните програми.

## 1.Меѓународни документи-основа за родова еднаквост на локално ниво

Еднаквоста помеѓу жените и мажите претставува фундаментално право и суштинска вредност за секоја демократија. За да се постигне еднаквост во практика, не е потребно само правно признавање, односно документи, политики и закони туку и ефикасно остварување во сите аспекти на животот: политички, економски, социјален и културен.

Советот на европски општини и региони во мај 2006 година ја иницираше Европска повелба за еднаквост на жените и мажите во локалниот живот. Повелбата е упатена до локалните и регионалните самоуправи на Европа, кои се поканети да ја потпишат, да се обврзат  формално на принципот на еднаквост на жените и мажите и да ги спроведат на своја територија обврските утврдени во Повелбата. Европската повелба дефинира дека родовата перспектива треба да се интегрира во голем број области како што се: социјална заштита и услуги; грижа за деца; грижа за постари; домување; култура, спорт; образование и доживотно учење; здравство; безбедност и сигурност; родово базирано насилство; одржлив развој; урбано и локално планирање; транспорт и мобилност; јавни набавки, локален развој; животна средина и сл. Ова значи дека мажите и жените имаат различни потреби и приоритети во различни области и истите треба да бидат земени предвид. Земањето предвид на различните потреби на мажите и жените значи дека политиките ќе се однесуваат подеднакво за мажите и жените, ќе бидат родово одговорни и родово чувствителни при тоа земајќи ги предвид и финансиските импликациите кои произлегуваат од активностите за адресирање на различните потреби на поединците.[1]

Сите локални самоуправи–потписници на Повелбата се обврзуваат на следните принципи: еднаквост помеѓу мажите и жените, интерсекцискиот пристап односно повеќекратните форми на дискриминација и неповолна положба, балансирано учество и застапеност на жените и мажите во процесот на донесување одлуки, елиминирањето на родовите стереотипи, интеграцијата на родовата перспектива во сите активности на локалната и регионалната самоуправа како и при изготвувањето политики, методи и инструменти што влијаат на секојдневниот живот на локалното население. Потписниците на Повелбата се обврзуваат да ги спроведат одредбите од оваа Повелба преку развивање и усвојување на Акциски план за еднаквост во рок не подолг од две години од потпишувањето кој ќе ги утврди целите и приоритетите на потписникот-локалната самоуправа и сите

[1] The European Charter for Equality of Women and Men in Local life, достапно на https://ccre-cemr.org/wp-content/uploads/2024/03/Charter_2022_EN.pdf

мерки што планира да ги преземе како и потребните ресурсите и временски рокови за имплементација. При тоа секоја локална самоуправа мора да се консултира со релевантни засегнати страни и редовно да објавува извештаи достапни за јавноста.[2]

Улогата на локалните и регионалните самоуправи во промовирањето на родовата еднаквост исто така беше потврдена во светската Декларација на Меѓународната унија на локални власти за жените во локалната самоуправа усвоена во 1998 година. Истата повикува на одржливи, еднакви и демократски локални власти, каде што мажите и жените имаат еднаков пристап до донесување на одлуки, рамноправен третман и еднаков пристап до услугите каде родова перспектива е интегрирана во сите области во делокруг на локалната самоуправа. [3]

Концептот на вклучувањето на родовата перспектива во главните политики е пристап кон креирање политики што ги зема предвид интересите и грижите и на жените и на мажите. Истиот за прв пат беше воведен на Светската конференција за жени во Најроби во 1985 година. Беше воспоставен како стратегија во меѓународната политика за родова еднаквост преку Пекиншката платформа за акција усвоена на Четвртата светска конференција на Обединетите нации за жени во Пекинг во 1995 година, а потоа усвоена како алатка за промовирање на родовата еднаквост на сите нивоа. Во 1998 година, Советот на Европа го дефинираше вклучувањето на родовата перспектива во главните политики како: „(Ре)организација, подобрување, развој и евалуација на процесите на креирање политики, така што перспективата за родова еднаквост ќе биде вклучена во сите политики на сите нивоа и во сите фази, од страна на актерите кои вообичаено се вклучени во креирањето политики.“ Концептот е особено значаен за локалните политики кои се однесуваат на различни тематски области кои влијаат различно врз жените и мажите. Вклучувањето на родовата перспектива значи интегрирање на перспективата за родова еднаквост во сите фази и нивоа на политики, програми и проекти на локално ниво. Жените и мажите имаат различни потреби и услови за живот и околности, вклучувајќи нееднаков пристап и контрола врз моќта, ресурсите, човековите права и институциите. Ситуациите на жените и мажите, исто така, се разликуваат во зависност од земјата, регионот, возраста, етничкото или социјалното потекло или други фактори. Целта на вклучувањето на родовата перспектива е да се земат предвид овие разлики при дизајнирањето, спроведувањето и оценувањето на политиките, програмите и проектите, така што

---

[2] Ibid

[3] IULA, Worldwide Declaration on Women in Local Government, достапно на https://women.uclg.org/sites/default/files/2017-07/Worldwide_Declaration_Women_in_LG_ENG_1998_IULA.pdf

тие ќе им користат и на жените и на мажите и нема да ја зголемат нееднаквоста, туку ќе ја подобрат родовата еднаквост.[4]

Родовото одговорно буџетирање е уште една значајна алатка при дизајнирање на локалните политики која може многу да придонесе за родовата еднаквост на локално ниво. Родово одговорното буџетирање е стратегија што создава буџети што функционираат за сите. Со разгледување и анализа на специфичните и разновидни потреби на секоја личност, родово одговорните буџети се стремат кон правична распределба на ресурсите. Буџетите во сите области и за сите подрачја мора да ги земаат предвид специфичните потребите на жените и мажите. Родово одговорните буџети поттикнуваат чувство за правда, ја зајакнуваат одговорноста на владата и поддржуваат подобро усогласување на националните буџети со обврските кои произлегуваат од меѓународните документи. Освен што помага да се обезбеди дека буџетите испорачуваат максимална вредност за сите граѓани, родово одговорното буџетирање поддржува и други политички цели поврзани со ефикасноста, транспарентноста и одговорноста на локалните власти кон граѓаните.[5]

## 2. Национална рамка за еднакви можности

Националната правна рамка и институционалниот пристап за воведување на родовата еднаквост во Република Северна Македонија е прикажана преку:

**Законот за еднакви можности на жените и мажите**

Овој закон ги уредува еднаквите можности и еднаквиот третман на жените и мажите, основните и посебните мерки за воспоставување на еднакви можности, правата и обврските на одговорните субјекти за обезбедување на еднакви можности и сл. Цел за законот е воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и која било друга област од општествениот живот и истиот ги опфаќа сите субјекти во јавниот и приватниот сектор. Законот за еднакви можности ги утврдува обрските и должностите на единиците на локалната самоуправа во член 14 (1) каде е наведено дека единиците на локалната

[4] The Council of Europe, What is Gender Mainstreaming, достапно на https://www.coe.int/en/web/genderequality/what-is-gender-mainstreaming
[5] UN Women, What is Gender Responsive Budgeting, достапно на https://www.unwomen.org/en/articles/explainer/what-is-gender-responsive-budgeting

самоуправа во рамките на своите надлежности, се должни да го почитуваат принципот на еднакви можности и да ги промовираат и унапредуваат еднаквите можности на жените и мажите преку преземање на основни и посебни мерки од Законот. Исто така единиците на локална самоуправа се должни во рамки на своите стратешки планови и буџети да го инкорпорираат принципот на еднакви можности на жените и мажите, да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите и да известуваат во рамките на своите годишни извештаи како и да учествуваат во подготвувањето на стратегијата за родова еднаквост во делот кој се однесува на единиците на локалната самоуправа. Согласно Законот ЕЛС се должни да формираат комисија за еднакви можности на жените и мажите, како постојано тело, а нејзиниот состав, надлежности, задачи и обврски се утврдуваат со статутот на единицата на локалната самоуправа. Покрај формирањето на комисија за еднакви можности, ЕЛС се должни да назначат координатор за еднакви можности од редот на државните службеници. Координаторот за еднакви можности на жените и мажите е должен најмалку еднаш годишно, најдоцна до 31 март во тековната година да достави извештај за претходната година и истиот да го објави на веб страницата на единицата на локалната самоуправа.[6]

Согласно **Законот за буџети**, родовото одговорно буџетирање е обврска на националните и локалните институции кои се должи да поднесуваат родово одговорна буџетска изјава за вклучување на родовата еднаквост во областа која ја покрива избраната програма која е предмет на родово одговорно буџетирање. Покај тоа законот утврдува и поставување на родови индикатори како алатки за следење на разликите и промените поврзани со родот и мерењето на напредокот за остварување на родово одговорните цели. Принципот на родова еднаквост подразбира родово одговорно буџетирање, односно зачувување на родовата еднаквост во планирањето и извршувањето на буџетските приливи и одливи. Буџетските корисници се исто така должни на своите веб-страници да ја објавуваат покрај другите задолжителни документи и годишната родово одговорна буџетска изјава.[7] **Стратегијата за воведување на родово одговорното буџетирање** (2012-2017г) иако е со застарена временска рамка ја поставува основата на концептот на родово одговорно буџетирање во Република Северна Македонија кој започна да се промовира во 2008 година преку спроведување на пилот активности за примена на концептот и подигање на свеста кај релевантните субјекти за значењето и придобивките од примена на овој концепт. Исто така согласно членот 11 од Законот за еднакви можности на жените и мажите органите на државната управа се должни во рамките на своите

---

[6] Закон за еднакви можности меѓу мажите и жените, “Службен Весник на Република Македонија” бр. 166/2014)

[7] Закон за буџетите, Службен весник на РепубликаМакедонија бр.64/05,04/08,103/08, р.64/05,04/08,103/08, 156/09, ,95/10, ,180/11 /11и171/12 и171/12 и171/12 и171/12

стратешки планови и буџети, да го инкорпорираат принципот на еднакви можности на жените и мажите; да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите и да известуваат во рамките на своите годишни извештаи. Внесувањето на родовата перспектива во буџетските политики на национално и локално ниво значи правилно и родово одговорно распределување на средства, но и подобра транспарентност и одговорност на државниот буџет.[8] **Стратегијата за родова еднаквост (2021-2026)** предвидува специфична цел 1.2: Овозможување на функционален систем за вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките, програмите и буџетските процеси на централно и локално нив каде меѓудругото како очекувани резултати се наведени: унапредени капацитетите за РОБ на сите нивоа; воспоставен систем за обуки за РОБ за чинители на сите нивоа; жените и нивните потреби и барања се вклучени во процесите на креирање на политики, програми и буџети, на локално ниво; систематско и одржливо користење на родово одговорното буџетирање како алатка од страна на буџетските корисници на централно и локално ниво. Односно стратегијата за родова еднаквост целосно го опфаќа локалното ниво ставајќи акцент на градење и зајакнување на капацитетите на чинителите на сите нивоа, вклучување на сите засегнати страни пред сè жените во креирањето на локалните политики и целосна заложба за интегрирање на родово одговорното буџетирање.[9]

## 3. Социјална карта на општина Карпош

Општината Карпош претставува составен дел од Градот Скопје, односно е една од десетте скопски општини и спаѓа во Скопскиот плански регион. Општината е поделена на 14 единици т.н. месни заедници, од кои 13 се урбани единици, а само една е рурална единица. Според Државниот Завод за статистика согласно податоците од пописот од 2021 год. во општината живеат вкупно 63.760 жители од кои 33.633 се жени и 30.127 се мажи.

| Број на население | |
|---|---|
| Жени | 33.633 |
| Мажи | 30.127 |
| Вкупно | 63.760 |

[8] Стратегија за воведување на родово одговорно буџетирање на Република Македонија, (2012 -2017) достапно на https://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/strategija_budxet_mkd.pdf

[9] Стратегија за родова еднаквост (2022-2027), достапно на https://shorturl.at/PJErJ

Старосната структура на населението е малку понеповолна во однос на други општини од Градот Скопје и Република Северна Македонија. Помал е процентот на учество на децата, а поголем е процентот на учество на население постаро од 65 години.

Во однос на образованието во Општина Карпош постојат четири државни градинки како и десет приватни градинки. Во општината има десет државни основни училишта и седум приватни основни училишта. На територија на општината се наоѓаат и пет средни државни училишта и четири приватни средни училишта. Постојат седум државни факултети како и два приватни факултети. Во однос на здравството во Општина Карпош постои развиена здравствена мрежа, почнувајќи од примарна, специјалистичка, хируршка здравствена заштита и голем дел на приватни здравствени установи. На територија на општината има 93 здравствени установи и тоа 5 се во делот на државното здравство, вклучувајќи ги и детските диспанзери, додека над 88 се приватни и тоа во различни области. Исто така, на територијата на општината работат и двете најголеми приватни болници.

Според Пописот на население од 2021 година вкупниот бројот на работоспособно население во Општина Карпош на возраст од 15 години изнесува 53.829 жители додека пак вкупното активно население изнесува 30.902. Од нив вработени лица се 29.145, додека бројот на невработени лица е 1.757. Бројот на економски неактивни лица е 22.048 жители. Најголем процент од населението од 15+ или 42,21% се со средно образование, следат 38,34 % со високо образование, а најмал процент паѓа на лица кои завршиле докторски и магистерски студии т.е. 6.99 % односно 1,96 % [10]

Советот на општината го сочинуваат 23 советници од различни политички партии согласно локалните избори од октомври 2021. Од кои 11 се жени, а 12 се мажи што значи дека Советот има речиси избалансиран состав. Како помошни тела во функција на советот работат односно формирани се 11 комисии за различни прашања меѓу кои и комисија за еднакви можности на жените и мажите.[11]

[10] Стратешки план за развој на општина Карпош 2022-2026, достапно на https://karpos.gov.mk/wp-content/uploads/2017/08/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D1%88%D0%BA%D0%B8-%D0%BF%D0%BB%D0%B0%D0%BD-%D0%B7%D0%B0-%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D1%98-2022-2026.pdf

[11] Ибид

# 4. Анализа на програмите на општина Карпош од родов аспект

## 4.1. Програма за еднакви можности

Согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите, општина Карпош има формирано комисија за еднакви можности на жените и мажите. Во составот на Комисијата според наведеното на веб страната на општината има вкупно 8 членови и претседател. Од 8-те членови, 6 се жени, двајца се мажи. Жена е претседателка на Комисијата. Општината има назначено координатор за еднакви можности на жените и мажите од редот на административните службеници. Во подпрозорецот Родова еднаквост на веб страната на општината е наведено името и електронската адреса за контакт на лицето кое е назначено за координатор. Во истиот дел (Родова еднаквост) наведени се родово разделени податоци за вработените во општина Карпош. Исто така застапени се и програми за еднакви можности од постар датум како и јавни огласи за финансиска поддршка, локални акциски планови за вработување на жени Ромки. Поставен е и интерен допис за формирање на интерсекторска група за родова еднаквост составена од членови од различни сектори. Од дописот може да се заклучи дека во општината е формирана интерсекторска група за родова еднаквост. На веб страната се застапени и одделни публикации кои се однесуваат на тематиката.

Согласно информациите на веб страната, општина Карпош била дел од проект на UN Women – Тело на ОН за родова еднаквост и зајакнување на жените за родово одговорно буџетирање во текот на 2021 год. Наведено е и дека ќе се склучи и меморандум за соработка помеѓу UN Women и Општина Карпош, со што ќе се официјализира и натамошната работа на локалната самоуправа на унапредување на родовата еднаквост. Од наведеното може да се заклучи дека општината има политичка волја за интегрирање и унапредување на родовата еднаквост.

На веб-страницата на Општина Карпош е објавен јавен повик од 10 јануари 2025 за реализација на активности од годишната Програма во областа на еднаквите можности за 2025г. Програмата ги опфаќа следните 7 приоритетни области:

1. Унапредување на здравјето на жените во висина до 200.000,00 денари;

2. Проекти за психо-социјална помош и поддршка за рехабилитација на жени кои се лекуваат од канцер, активности за јакнење на самодоверба, мотивација и емоционално зајакување, и друго;

2.1. Превенција и советување за спречување на семејното насилство и помош на жртви од семејно насилство во висина до 300.000,00 денари:

3. Проекти за подигање на свеста за спречување на семејното насилство, поддршка на жртви на семејно насилство, поддршка на Шелтер центри и друго;

3.1.Промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација во висина до 100.000,00 денари;

3.2.Проекти за спречување и заштита од дискриминација врз основа на пол, род, сексуална определба, родов идентитет и друго;

4.Подигање на дигиталната способност кај лицата од трета доба во висина до 600.000,00 денари;

4.1.Проекти за обуки на стари лица за поголема дигитална писменост, користење на интернет, смарт телефони, дигитални платформи, социјални мрежи, електронско банкарство и друго;

5.Одрржливост на локалната канцеларија за родителство во висина до 150.000,00 денари;

5.1.Проекти за одржување на локалната канцеларија за родителство, обуки на стручни служби за фасилитатори за родителство, стручна помош и поддршка на родители на деца од училишна возраст и друго ;

6.Фитнес за жени во висина до 150.000,00 денари;

6.1.Проекти за спроведување на бесплатни часови по фитнес, самоодбрана, јога, пилатес, зумба и други спортски техники

7.Поддршка на Локалниот совет за женско претприемништво во висина до 200.000,00 денари;

7.1.Проекти за изработка на регистар на жени претприемачи од општина Карпош, изработка на веб страна, настани и активности за промоција и поддршка на женското претприемништво и друго.

Вкупниот основен буџет на општината согласно достапните податоци на веб страната на општината изнесува 803.490.000 денари. Додека пак консолидираниот буџет изнесува 1.587.570.000 денари. При тоа согласно Програмата за еднакви можности според планираните активности за оваа намена, е предвидена финансиска конструкција во висина од 1.700.000 денари.

Програмата за еднакви можности е достапна во рамки на документот Годишни програми за 2025год, а во декември 2024 е донесено Решение за објавување на

Програма за активностите на општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите за 2025 година. Истата е усвоена во декември 2024.

Општина Карпош согласно програмата има формирано Локален совет за женско претприемништво (ЛСЖП). На 30 август 2024 година, донесена е одлука за формирање на Советот, а во ноември 2024 е одржана конститутивна седница, при што официјално е основан советот. Мисијата и дејностите на Советот се да работи на подобрување на финансиската и економска независност на жените кои живеат или работат во општината, а предвидени се трибини, панел дискусии како и формирање на единствена база на жени претприемачи како дел од проект спроведуван од Здружение на бизнис жени во соработка со општина Карпош.

Во Стратешкиот план за развој на општина Карпош за периодот 2022-2026 во делот Визија е потенцирано дека општината се стреми кон „ Општина која што ќе понуди еднакви можности на жените и мажите преку вмрежување со поголеми институции и здруженија (државни и меѓународни) кои работат проекти од областа на еднакви можности, родово буџетирање, заштита на жртви од семејно насилство, женско претприемништво и идентична можност при вклучување на пазарот на трудот.” Ова секако укажува дека општината е насочена кон промовирање и унапредување на еднаквите можности на жените и мажите во сите сфери и надминување на бариерите за вклучување на жените во сите аспекти на општествениот живот.

---

**Заклучок и препораки:**

- Општина Карпош бележи континуитет и унапредување во поглед на вклучување на родовата перспектива во секојдневното работење преку изготвување и спроведување на посебна програма за еднакви можности.
- Програмата за еднакви можности на општина Карпош за 2025 има јасно дефинирани приоритетни области, јасно дефинирани активности, целна група за секоја од приоритетните области, јасно утврден буџет и дефинирани очекувани резултати.
- Сепак може да се заклучи дека и покрај тоа што општината има пракса на собирање на родово разделени статистички податоци за вработени во општината, нема пракса на собирање на родово разделени податоци на корисници на програмата и програмските активности.
- Исто така недостасуваат и годишни извештаи за одделни години.

- Со цел поголема транспарентнот на спроведување на програмата се препорачува поголема видливост на активностите на веб страната, профилите на социјалните мрежи на општина Карпош
- Лесна достапност на поставените спроведени активности како и редовни и лесно достапни годишни извештаи.
- Иако општина Карпош има јасен родов буџет преку Програмата за еднакви можности сепак во другите програми кои се предмет на оваа анализа нема јасни показатели дека целиот буџет на општината по програми е анализиран и прилагоден на различните потреби и приоритети на жените и мажите и дека истиот е прилагоден според полови критериуми
- Се препорачува:
- Редовен внатрешен мониторинг над спроведување на планираните активности како и продолжување на прибирање на родово разделени статистички податоци
- Поголема видливост на одржани состаноци на Комисијата за еднакви можности преку постоечки и лесно достапни записници
- Родово одговорен буџет во останатите програми при што може да се искористи постоечката интерсекторска група за родова еднаквост со цел поголема родова сензитивност во останатите општински програми

Покрај постоење на годишна програма се препорачува изработка на**:**

- Стратегија за родова еднаквост на општината
- Изработка на акциски план со јасно дефинирани финансиски импликации, временска рамка, спроведувачи на активностите, јасни родови индикатори, извори и средства на верификација.

## 4.2. Програма за спорт

Програмата за активностите во областа на спортот за 2025 е усвоена во декември 2024. Како развојни цели и приоритети на програмата се дефинирани следните:

1. Пропагирање и промовирање на спортско рекреативниот, врвниот, забавниот и училишниот спорт;
2. Организирање на спортски активности предвидени со програмата за спорт и унапредување и развивање на спортот на локално ниво;
3. Зголемување на навиката за спортски живот и подобрување на спортско натпреварувачкиот дух и потикнување на фер игра;

4. Се она што е од заеднички интерес во сегментот на рекреативниот забавен спорт, да го обедини, координира и по можност да го усоврши односно да го постави на повисоко ниво;
5. Сите граѓани од општината своето слободно време да го користат за реализирање на спортските активности, при што ќе ги развиваат позитивните вредности на спортот кои подоцна ќе ги негуваат како животни вредности.

Меѓу предвидените активности за училишните спортски игри наведено е дека ученици од општинските основни училишта и приватни училишта ќе се натпреваруваат во различни спортски игри меѓу кои кај спортот одбојка е потенцирано дека ќе се натпреваруваат и девојчиња. Во делот кој се однесува на училишните спортски игри и стипендии за талентирани спортисти од 8 и 9то одделение, јазикот е главно родово неутрален со во неколку наврати потенцирање на натпреварите на девојчињата во одбојка. Се користи родово неутрален јазик (ученици) но се претпоставува дека се земаат предвид и ученичките односно девојчињата и нивното учество во останатите спортски игри зависно од индивидуалните интереси и потенцијали на девојчињата.

Во делот спортско рекреативни игри за пензионерите предвидено е натпреварување на пензионерите во шах и пикадо, влечење јаже, трчање, фрлање ѓуле, и сл. при што е потенцирано дека има машки и женски категории во речиси сите од наведените спортски активности. Во овие активности се забележува дека има родова сензитивност односно конкретно се наведени и мажите и жените пензионери за разлика од активностите кои се однесуваат на училишните спортски игри каде што не е јасно прецизирано дали девојчињата се натпреваруваат во сите спортски игри или само во одбојка.

Активностите во кои се предвидува еднократна финансиска поддршка за сите спортисти жители на општина Карпош, а кои ќе бидат наменети за подготовки, учество на домашни и меѓународни натпревари, настани, манифестации, не е јасно дали овде ќе се земат предвид и родови критериуми односно дали подеднакво ќе се земат предвид и мажите и жените спортисти иако како целна група сеземени сите спортисти и рекреативци кои се занимават со спортско рекреативна активност на подрачјето на општина Карпош.

Во делот на активностите каде се предвидува финасиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на општина Карпош е наведено дека ќе бидат опфатени сите активни спортски клубови од подрачјето на општина Карпош, кои со својот квалитет придонесуваат за промоција на општината и државата како на домашен, така и на меѓународен план. Претходни анализи на национално, но и на локално ниво во други општини во државата укажуваат на преферирање на машки

спортски клубови така што се препорачува да се земат предвид и родови критериуми односно да се вклучат и поддржат и успешни женски спортски клубови во општината. Како еден од критериумите е дека право на пријавување имаат сите заинтересирани спортски клубови регистрирани со седиште во општина Карпош најмалку 3 години при што може да се размисли да се скрати временскиот критериум на барем 2 години.

Со оглед дека е предвидено и финансирање на фудбалски турнир за деца на возраст од 7 до 12 години и земајќи ги предвид статистичките податоци за учество на машките и женските деца во фудбалот се препорачува да се поттикне учеството на женските деца преку организирање на турнири во други спортови каде ќе може подеднакво да земат учество и машки и женски деца или конкретно област каде што женските деца се позастапени и покажуваат поголем интерес, наа пример ракомет, одбојка или сл.

Согласно официјално објавената програма за спорт за 2025 година буџетот изнесува 8.500.000 денари и како што веќе е наведено опфаќа различни спортски активности — школски лиги, стипендии за талентирани ученици-спортисти, финансиска поддршка за спортски клубови, рекреативни игри за пензионери, меморијални турнири, доопремување на спортски сала и слично освен што на неколку наврати се потенцирани девојчињата во делот поврзан со спортот одбојка како и жените пензионерки во пензионерските спортски игри може да се заклучи дека само до одреден степен има специфични родови критериуми, но нема посебно споменување на пример женска спорска лига во одреден спорт, или женски спортски клубови. Ниту пак во критериумите и условите за пријавување не се забележуваат специфични родово чувствителни индикатори туку родови неутрални така што е потребно во иднина при изработка на програмата да се земат предвид родови индикатори и родови критериуми.

Треба да се напомене дека во програмата за еднакви можности е предвидена активност Фитнес за жени со финансиска поддршка од 150.000.денари сепак земајки го предвид концептот родова интеграција односно вклучувањето на родовата перспектива во главните политики потребно е земање предвид на интересите и потребите на жените и мажите, девојчињата и момчињата во различни области меѓу кои и спортот. Од друга страна пак земајќи го предвид родово одговорното буџетирање потребен е буџет во спортот кој ќе функционира подеднакво за сите (жени и мажи, момчиња и девојчиња).

**Заклучок и препораки:**

- Општината има развиено конкретна програма за еднакви можности и родово одговорно буџетирање но во програмата за спорт до одредено ниво односно само делумно се рефлектираат активности кои се насочени кон жените и девојчињата
- Иако програмата за спорт е обемна како по активности така и финансиски сепак истата е само делумно родово сензитивна и само до одреден степен е имплементиран родово одговорен буџет
- Нема посебни родово сензитивни критериуми во одредени активности
- Нема посебни родови индикатори туку целната група најчесто е генерална и ги опфаќа сите ученици, пензионери, (активни) спортисти, спортски клубови без посебно издвојување на родово специфични индикатори
- Јазикот генерално е родово неутрален. Во неколку наврати се споменуваат девојчиња, жени-пензионерки
- Се препорачува :
- Развивање и поставување на родови индикатори, родови цели, потенцирање на целните групи (пр.девојчиња-ученички, жени-спортистки исл.)
- Со цел појасно дефинирање на целната група на програмата се препорачува употреба на родово сензитивен јазик
- Преку извештаите за спроведување на активностите од програмата се препорачува прибирање на родово разделени статистички податоци односно колку вкупно ученички-девојчиња, жени-пензионерки, жени спортистки, женски спортски клубови биле корисници на активностите
- Редовен мониторинг и евалуација на спроведувањето на програмата
- Мониторинг и евалуација од родова перспектива
- Родово одговорен буџет во предвидените активности и приоритети на програмата за спорт односно доделување на еднакви средства и простор за спортски иницијативи и активности за момчиња и девојчиња
- Во комисиите за одлучување односно избор на апликации и кандидати за одредени активности да има родов баланс во составот на комисиите (мажи-жени)
- Да се поддржат кампањи што ќе ги предизвикуваат родовите стереотипи во спортските наративи и настани
- Да се поддржат кампањи за афирмација на женскиот спорт на локално ниво
- Изработка на акциски план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на предвидените активности во рамки на програмата .

### 4.3. Програма за култура

Програмата за култура за 2025 год. на општина Карпош е усвоена во декември 2024 год. Истата содржи 6 развојни приоритети и цели :

1. Поттикнување на современото творештво во контекст на урбаното живеење
2. Поддршка на младите и талентирани творци од сите области на уметноста
3. Создавање услови за развој на креативните индустрии како фактор за економски и социјален развој.
4. Доближување на уметноста и настаните од областа на културата до поголем број на граѓани во општината
5. Поддршка на самостојните уметници за зачувување на дигнитетот на творецот
6. Негување на традицијата и културното наследство и нивна популаризација.

Вкупна предвидена финансиска рамка за програмата за култура изнесува 3.800.000,00 денари

При опис на проектните активности во делот кој се однесува на Карпошово културно лето е наведено дека целта е да се изрази културниот и уметничкиот потенцијал на општината. Наведено е дека ќе бидат застапени познати културни работници од државата и пошироко и ќе биде наменета за сите жители на општина Карпош. За таа цел потенцирано е дека ќе биде формирана комисија која може да покани учесници за кои ќе процени дека одговараат на потребите на овој настан, додека пак начинот на спроведување на постапката, условите, критериумите и потребните документи ќе бидат дефинирани во јавен повик. Како препорака при формирањето на комисијата да се внимава на родовиот баланс на составот на комисијата, односно жени и мажи да бидат застапени во комисијата. Исто така потребно е при критериумите да се земат предвид родовите критериуми односно да се поканат и жени и мажи културни работници и изведувачи на активностите во рамки на програмата. При тоа да се земе предвид и целната група односно дека жителите на општината се различни по пол, возраст, етничка припадност и да се земат предвид потребите и преференците на сите жители. Во активностите не е јасно наведено дали ќе се земат предвид и значајни жени културни работници низ историјата во различни културни сфери ниту пак дека потенцијално би се организирале настани, манифестации кои ќе ја земат предвид женската перспектива. Во програмата е наменета и финаниска поддршка на лица од општина Карпош кои се занимават со култура за реализација на разни манифестации и програми кои не се опфатени со оваа програма во висина до 30.000,00 денари и истото ќе се спроведе по пат на јавен повик. Овде повторно согласно програмата ќе се формира комисија составена од пет члена (три члена од

советот на општина Карпош и два члена од администрацијата на општината) која ќе дава предлог и мислење за избор до градоначалникот. Треба да се внимава на составот на комисијата односно комисијата да има родов баланс. Во ниту една од активностите не е наведено дека специфично ќе се поддржат или би се поддржале иницијативи од жени, девојки-уметници, актерки, женски фолкорни клубови, музички групи и сл. Во иднина потребно е да се земе предвид промовирањето на уметници и проекти каде главни актери и автори се жени, посебно млади истакнати жени во полето на културата со цел да се афирмираат како и изведба на активности и перформанси кои можат да промовираат женска перспектива. Наведено е дека постапките ќе се спроведуваат според претходно утврдени услови и критериуми и ќе се распише јавен оглас, но и овде не е наведено дали има или ќе има родови критериуми. Јазикот кој се користи е главно родово неутрален слично како и во програмата за спорт.

---

**Заклучок и препораки:**

- Програмата за култура не покажува директно и јасно изразена родова компонента ниту во критериумите за избор ниту во финансирањето.
- Во описите за активностите не се забележува јасно потенцирање или приоритетно третирање на авторки, музичарки, женски уметници или фолклорни групи и сл.
- Нема позитивни мерки за афирмирање на помалку застапениот пол
- Нема родова перспектива во дефинирање на целите и активностите
- Се препорачува :
- Развивање и поставување на родови индикатори и родови цели
- Креирање на критериуми кои ќе бидат родово сензитивни при селекција на изведувачите и културните работници
- Развивање и примена на практика на собирање на родово разделени податоци на културните работници
- Родово одговорен буџет во предвидените активности и приоритети на програмата
- Користење на родово сензитивен јазик
- Во комисиите за одлучување и избор на апликации да има баланс во составот на комисиите (мажи-жени)
- Редовен мониторинг над спроведување на активностите од програмата
- Редовна евалуација на спроведената програма
- Мониторинг и евалуација од родова перспектива
- Да се поддржат кампањи за афирмација на жените во културата и промовирање на жени –уметници, авторки, актерки и сл.

- Одбележување на значајни жени или настани кои одиграле важна улога низ историјата
- Изработка на акциски план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на предвидените активности во рамки на програмата .

## 4.4. Програма за детска, социјална, и здравствена заштита

Програмата за детска, социјална и здравствена заштита за 2025 год. е усвоена во декевмри 2024. Истата опфаќа неколку развојни приоритети и цели :

-Детска заштита – вклучување на сите деца во ЈУОДГ, унапредување на воспитно згрижувачката дејност и други активности;

-Парична помош за новороденчиња, лица/семејства во социјален ризик, за потешко лекување и пожар или поплава во домот;

-Хуманитарни акции наменети за граѓаните во социјален ризик;

-Подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните и вклучување на маргинализирани групи.

Вкупна предвидена финансиска рамка на програмата изнесува 7.520.500,00 денари.

Дел од проектните активности во рамки на оваа програма предвидуваат инклузија на деца од ромска популација во градинките и посветување внимание на едукативно–социјалните активности на децата. Целта е отстранување на постоечките бариери за пристап на децата од ромската етничка заедница во предучилишни установи, нивна инклузија, социјализација и зајакнување на свеста кај родителите за важноста од раниот детски развој. Евидентно е дека во овој дел од предвидените активности се идентификувани и издвоени децата од ромската заедница како категории кои имаат потреба од поддршка, инклузија и социјализација што од друга страна пак е поврзано со давање на поддршка и на нивните родители преку зајакнување на свеста за важноста и значењето на социјализацијата, инклузијата и едукативниот развој од најмала возраст.

Предвидено е обновување и унапредување на дидактичките материјали во јавните општински детски градинки што би имало позитивен исход за поквалитетна воспитно-образовна работа, подобрување на психо-физички развој на децата, стекнување работни навики и чувство за развивање на одговорно однесување и сл.

Овој дел од активностите содржат родова компонента вклучително и компонента на социјална инклузија како и интерсекциски пристап.

Различните потреби на мажите и жените се земени предвид и во делот кој предвидува парична помош за лица/семејства кои се во социјален ризик. Овде се предвидува еднократен паричен надоместок за семејства/лица кои се во социјален ризик-лекување, поплава, пожар и сл. Иако конкретно не се наведени жени како корисници сепак активностите се родово сензитивни имајќи предвид дека жените најчесто се грижат за ранливи категории, за лица во социјален ризик, лица кои имаат потреба од лекување, а и самите често се категорија која е најподложна на социјален ризик. Предвидена е и парична помош за секое новородено-посвоено дете на територијата на општина Карпош што пак директно се однесува на жените. Но, овде треба да се внимава на информирањето за овие можности бидејќи не секогаш информацијата стигнува до сите. Потребно е поголем опсег на информацијата и поголем опфат на сите категории на граѓани на територијата на општината.

Во програмата се предвидени и други мерки за лица/семејства во социјален ризик како што е хуманитарна акција „Да бидеме хумани за нашите соседи" која се организира во неколку наврати во општината. Истата се состои од собирање/донирање на прехранбени и хигиенски производи донирани од општинската администрација, децата од основните училишта и предучилишните установи од Општина Карпош и граѓаните- во урбаните заедници како и донирање од страна на општествено одговорни компании. Овде е потребна претходна сеопфатна анализа односно мапирање на лицата/семејства кои се во социјален ризик вклучително и родова анализа. Во целната група споменати се лица/семејства во социјален ризик без конкретно да се споменат жените, но сепак и жените овде би имале бенефит. Во овој дел е потребно да се нагласи дека како корисници би биле вклучени и самохрани родители (имајќи предвид дека статистиката говори дека најголем број од самохраните родители во државата се жени ).

Со програмата општината предвидува и активности за подобрување на квалитетот на лицата со попреченост преку одбележување на денот на лицата со попреченост, средби со лицата на кои се споделуваат проблемите, приоритетите, како и се доделува еднократна парична помош во износ од 5.000 денари. Како целна група се споменати: лица со физички хендикеп, лица со оштетен вид (слепи и слабовидни), лица со оштетен слух (глуви и наглуви), интелектуално попречени лица, лица со попреченост во говорот, аутистични деца, лица со комбинирани пречки во развојот. Иако податоците за корисниците не се поделени по пол, активностите сепак имаат родова компонентна. Потребен е поголем континуитет во однос на овие активности и средби со корисниците кои би се одржувале повеќе

пати годишно. Предвидена е и посета на Геронтолошкиот завод 13-ти Ноември, оддел ,,Мајка Тереза“ – Злокуќани и организирање на културно забавна програма за корисниците од страна на дечиња од детска градинка. Целна група се штитениците во домот. Имајќи предвид дека во домот има штитеници и мажи и жени, активноста има родова компонента. Исто така предвидени се активности- обезбедување на превоз за стари лица-болни и изнемоштени и лица со попреченост со посебно опремени наменски возила. Во овој дел на активностите потребно е претходно сеопфатно мапирање на лицата и вклучување на родовата перспектива во проценката на потребите.

Програмата предвидува и финансиска поддршка за проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита кои придонесуваат за унапредување на предучилишниот воспитно- згрижувачки процес, поддршка за стари лица и маргинализираните групи на граѓани од Општина Карпош. Наведено е дека целна група за овие активности се деца и вработени во предучилишни установи, стари лица и маргинализирани групи на граѓани. Предвидено е развивање на социјални услуги на локално ниво кои ќе бидат насочени кон задоволување на нефинансиските потреби на поединецот и непреченото остварување лични социјални услуги, хумани социјални услуги или услуги за социјална нега што би придонеле кон намалување на сиромаштијата и поддршка на ранливи групи за самостоен и пристоен живот. Како целна група се наведени граѓаните на општина Карпош без при тоа конкретно да се потенцираат жени и/или мажи. Но, може да се заклучи дека активноста има родова компонента имајќи предвид дека и жените и мажите имаат потреба за услуги за социјална нега и лични социјални услуги и имајќи ја предвид економската состојба на жените во државата, жените потенцијално би имале мала предност како ранлива група.

Во дел од активностите предвидени во рамки на оваа програма е наведено дека поднесените барања ќе ги разгледува комисија односно дека комисијата ќе одлучува кои корисници ќе бидат опфатени и дали истите ги исполнуваат предвидените критериуми. При составот на комисиите потребно е да се внимава на родовиот баланс, односно како членови да бидат поставени и мажи и жени. Иако вкупниот буџет на програмата изнесува 7.520.500,00 денари, истиот е делумно родово одговорен.

---

**Заклучок и препораки:**

- Програмата за детска, социјална и здравствена заштита има родова компонента
- Програмата ги зема предвид различните потреби на жените и мажите во неколку наврати преку неколку различни активности

- Програмата идентификува и вклучува различни категории на лица како што се: ранливи лица, лица во социјален ризик, стари лица, мајки со новороденчиња, деца од немнозински заедници кои не се вклучени во предучилиштен едукативен процес, лица со посебни потреби, социјално загрозени семејства, штитеници од домови за стари лица и сл.
- Во програмата има и нагласена компонента на РЕСИ односно родова еднаквост и социјална инклузија
- Програмата има предвидено мерки и активности за финансиска помош, сервиси и услуги за социјална нега

Во програмата се препорачува :

- Развивање и поставување на родови индикатори и родови цели
- Интегрирање на категории на жени како корисници на програмата пр. Жени самохрани родители, жени-жртви на семејно и родово базирано насилство и сл.
- Критериуми за селекција кои ќе бидат родово сензитивни
- Развивање и примена на практика на собирање на родово разделени податоци за корисниците на програмата
- Родово одговорен буџет во предвидените активности и приоритети на програмата
- Користење на родово сензитивен јазик
- Родов баланс во комисиите за одлучување и избор на апликации
- Редовен мониторинг над спроведување на активностите од програмата
- Редовна евалуација на спроведената програма
- Мониторингот и евалуацијата да се вршат и од родова перспектива
- Изработка на акциски план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на предвидените активности во рамки на програмата .

Во табелата е даден споредбен приказ на буџетот во различни програми, степенот на родова интеграција во програмите и процентуалното учество на програмите во вкупниот основен и консолидиран буџет на општината.

| **Програма** | **Буџет** | **Родова интеграција** | **% од вкупниот основен буџет** | **%од вкупниот консолидиран буџет** |
|---|---|---|---|---|
| Еднакви можности | 1.7М ден. | Висока | 0.212 | 0,107 |
| Спорт | 8.5М ден. | Ниска | 1.058 | 0.535 |
| Култура | 3.8М ден. | Ниска | 0.473 | 0.239 |
| Детска Социјална/здравст. заштита | 7.5М ден. | Средна | 0.936 | 0.474 |

## Општи заклучоци

Општина Карпош се стреми кон почитување и исполнување на обврските и надлежностите на општините во врска со интегрирање на родовата перспектива во локалните програми и политики. Со оглед на тоа дека локалната власт е најблиска до граѓаните истата треба најдобро да ги познава потребите, приоритетите и предизвиците на своите граѓани и да креира политики кои ќе ги одразуваат потребите на сите граѓани подеднакво без оглед на полот, возраста, етничката припадност, социјалниот и економскиот статус, и сл.

Кога станува збор за родовата еднаквост односно еднаквите можности на жените и мажите истите се целосно интегрирани само во програмата за еднакви можности на жените и мажите. Родова перспектива е само делумно интегрирана во останатите програми кои се предмет на анализа. Во нешто повисок степен родовата перспектива е интегрирана во програмата за детска, социјална и здравствена заштита споредбено со програмата за култура и програмата за спорт кои имаат релативно ниско ниво на интегрирање на родовата перспектива. Од клучно значење е воведување на родовата перспектива во сите програми на општината бидејќи истото значи отсликување на процесот на родова интеграција.

Потребно е интегрирање на родова перпектива во сите фази на процесот на креирање на општинските програми, во процесот на планирање, креирање, спроведување, мониторинг и евалуација. Се препорачува и редовно прибирање на родово разделени податоци за корисниците на програмите, како и креирање на родови цели и родови индикатори. Исто така се препорачува користење на родово сензитивен јазик секаде каде што тоа е можно. Родово одговорниот буџет целосно се отсликува во програмата за еднакви можности. Во останатите програми што беа предмет на анализа, родово одговорното буџетирање е само до некоја мера интегрирано и потребно е да се зголеми степенот на интегрирање на родовиот буџет бидејќи само така општинскиот буџет е правичен за сите граѓаните.

## Користена литература:


- The European Charter for Equality of Women and Men in Local life, достапно на https://ccre-cemr.org/wp-content/uploads/2024/03/Charter_2022_EN.pdf
- Декларација на Меѓународна унија на локалните власти за жените во локалната самоуправа, https://women.uclg.org/sites/default/files/2017-07/Worldwide_Declaration_Women_in_LG_ENG_1998_IULA.pdf)
- Совет на Европа, што е родова интеграција https://www.coe.int/en/web/genderequality/what-is-gender-mainstreaming)
- UM Women, Родово одговорно буџетирање https://www.unwomen.org/en/articles/explainer/what-is-gender-responsive-budgeting)
- Закон за еднакви можности меѓу мажите и жените, "Службен Весник на Република Македонија" бр. 166/2014)
- Закон за буџетите, Службен весник на РепубликаМакедонија бр.64/05,04/08,103/08, р.64/05,04/08,103/08, 156/09, ,95/10, ,180/11 /11и171/12 и171/12 и171/12 и171/12
- Стратегија за воведување на родово одговорно буџетирање на Република Македонија, (2022-2027)
- https://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/strategija_budxet_mkd.pdf
- Стратегија за родова еднаквост (2022-2027), достапно на https://shorturl.at/PJErJ
- Стратешки план за развој на општина Карпош 2022-2026, достапно на https://karpos.gov.mk/wp-content/uploads/2017/08/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D1%88%D0%BA%D0%B8-%D0%BF%D0%BB%D0%B0%D0%BD-%D0%B7%D0%B0-%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D1%98-2022-2026.pdf
- Службен гласник на општина Карпош, годишни програми за 2025